Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по барање за известување поднесено од Основно јавно обвинителство -----------, на продолжението на 42-та седница одржано на 14.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата/барањето за известување поднесено од Основно јавно обвинителство ----------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3852/1 од 11.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека е беспредметно постапувањето по предметот со број 12-3852/1 од 11.11.2020 година, од причина што станува збор за барање на известување, односно не се наведуваат конкретни наводи за коруптивни дејствија.

Предметот со број 12-3852/1 од 11.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3852/1 од 11.11.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава/барање за известување поднесено од Основно јавно обвинителство ---------.

Основно јавно обвинителство -------- побара од Државната комисија да биде известено во кои случаи поради спроведување на парламентарните избори во 2020 година во Република Северна Македонија не можело да се спроведува јавен оглас за избор на директор во средно училиште од страна на градоначалникот на општината и ако е тоа така за кој временски период се однесувало тоа.

Со известување број 12-3852/2 од 20.11.2020 година, Државната комисија го известила Основно јавно обвинителство -------- за следното:

*„Согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.*

*Со донесување на Решението од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија број 09-1422/1 од 16.02.2020 година за распишување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, започна изборниот процес кој траеше до 18.03.2020 година кога од страна на Претседателот на Република Северна Македонија беше прогласена вонредна состојба поради состојбите предизвикани од COVID-19 кризата. Согласно своите надлежности во вонредна состојба, Владата на Република Северна Македонија на 21.03.2020 година донесе Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес број 44-2413/1 каде се уреди дека од денот на донесувањето на Уредбата па се до денот на престанокот на вонредната состојба се прекинуваат сите изборни активности за спроведување на избори за пратеници. Исто така, во членовите 7 и 8 од Уредбата е наведено дека од денот на примената на Уредбата па се до денот на престанок на вонредната состојба не се применуваат членовите 8-а, 75-г, 75-д, 84-а од Изборниот законик, како и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. вонредна состојба беше прогласувана неколку пати, а заврши на 13.06.2020 година.*

*Воедно, треба да се имаат предвид заклучоците донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија на продолжението на триесет и втората седница одржана на 1 април 2020 година, по однос на точка 59 – „Информација за намалување на непродуктивни расходи поради справување со здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19". Со Заклучок во јавниот сектор времено се забрануваат нови вработувања, нови ангажирања преку агенции за привремени вработувања и нови договори на дело, освен за ангажирања на соодветен кадар во здравствениот сектор и во други сектори кои се во насока на справување со последиците од Корона вирусот. Исто така, со заклучок се задолжуваат сите буџетски корисници и единки корисници, до крајот на 2020 година задолжително да ги почитуваат мерките за намалување на расходите."*

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на сите околности на предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата, констатира дека е беспредметно постапувањето по истиот, од причина што станува збор за барање на известување, односно не се наведуваат конкретни наводи за коруптивни дејствија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м- р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**